# Винарска Визба Тиквеш

TIKVEŠ
SINCE 1885

*Врвно од Македонија*

Винарската визба „Тиквеш“ е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ, И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ТОГАШ ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## ВОЗАЧИ И ПОМОШНИЦИ ЗА ПРОДАЖБА И СЕКОЈДНЕВНА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВИНО
## - РЕОН ОХРИД -

**Профил на кандидатот:**

- Образование - ССС
- Возачка дозвола Б категорија
- Претходно работно искуство
- Добри комуникациски вештини
- Чувство за одржување добри односи со купувачите

**Клучни одговорности:**

- Спроведување на дневни активности поврзани со навремена дистрибуција на производите до купувачите и остварувањето на зададените цели
- Дневна комуникација и градење долгорочни односи со купувачите
- Обезбедување на соодветна присутност и изложеност на производите согласно стандардите на компанијата
- По потреба генерирање и проследување нарачки до компанијата
- Изготвување потребни прегледи за продажбата и производите

**ВВ Тиквеш нуди одлични услови за работа, атрактивен пакет за наградување и можности за обуки и кариерен развој. Изборот ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и сте сигурни дека ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (Curriculum Vitae) и мотивационо писмо, со назначен град за кој аплицирате, на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk, најдоцна до 31.07.2020 година.**

